## ПРИЛОГ 3 - ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЦРЕВАТА ВО ОКНАТА НА КАБЕЛСКАТА ИНСТАЛАЦИЈА НА МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД

### 1.Правила за означување

**1.1** Секој кабел кој Операторот – корисник ќе го постави во кабелската инсталација на Македонски Телеком АД мора да биде означен во секое кабелско окно.

**1.2** Секој кабел кој се поставува во кабелската инсталација на Македонски Телеком АД, на заштитната обвивка треба да има фабрички ознаки во согласнот со важечките упатства за изградба на пристапна кабелска мрежа.

**1.3** Секој кабел кој се поставува во кабелската инсталација на Македонски Телеком АД, мора да има дополнителна ознака за сопственикот на кабелот (операторот кој го поседува кабелот) која е поставена од операторот и која соодветствува со техничката документација на тој кабел.

**1.4** ПЕ цевките мора да бидат означени во секое кабелско окно во текот на нивното положување бидејќи доаѓа до нивно испреплетување во текот на поставувањето и влезниот распоред на ПЕ цевките не мора да биде ист со излезниот распоред.

Слика 1: Начин на означување

1. Означување во случај кога кабелот е поставен во микроцрево

| |
|---|
| Тип на микроцрево<br>Тип на кабел, број на влакна / боја на црево<br>Број на кабел / Релација<br>Име на опреатор корисник |

80 x 20 x 1,5 мм

2. Означување во случај кога кабелот е поставен во црево

| |
|---|
| Тип на кабел, број на влакна<br>Број на кабел / Релација<br>Име на опреатор корисник |

80 x 20 x 1,5 мм